Република Северна Македонија

[redacted]

# ОПШТИНА КУМАНОВО
## Сектор за инспекциски надзор


Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Општина Куманово
Komuna e Kumanovës
Упп-Бр/Nr: 28-601
Дата/Data: 12,06.2024 год

Улица.11 Октомври бб,
1300, Куманово
Rruga: 11 Tetor, p.n,
1300, Kumanovë
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Контакт/Kontakt
Тел/Tel: +389 31 475 830
e-mail: info@kumanovo.gov.mk
www.kumanovo.gov.mk


### З А П И С Н И К
за спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр.238/19) на ден 12.06.2024 година, со почеток од 13.00 часот, во службена просторија на Инспекциски совет на РСМ пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Куманово со арх. бр. 28-601 од 16.05.2024 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав :

- Бобан Бојковски – Виш инспектор, ментор;
- Ненад Илиевски– Советник инспектор;
- Оливера Крстевска – Советник инспектор;
- Ресул Шемо – Претставник од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е: Дејан Димитриевски на работно место Помлад инспектор за патен сообраќај во Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат при Општина Куманово.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот за инспектор изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор. По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Дејан Димитриевски, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор – 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови
- Затворање на инспекциски надзор – 25 бодови
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот Дејан Димитриевски го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
Почеток во 13.00 часот на ден 12.06.2024 година,
Завршување во 15.00 часот на ден 12.06.2024 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор:

1. Бобан Бојковски ________________
2. Ненад Илиевски ________________
3. Оливера Крстевска ________________
4. Ресул Шемо ________________